Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 3 став 2 Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација –Скопје арх.бр.0202-4203/4 од 27.04.2022 година, а согласно Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0302-6198/3 од 16.12.2024 година и Одлуката за утврдување потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено време бр.0401-4539/1 од 29.05.2025 година, ЈП Водовод и канализација – Скопје објавува

# Ј А В Е Н  О Г Л А С бр.6/2025

за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација – Скопје за следните работни места

1. **КДР0305Б01051 Самостоен инженер во одделение - микробиолошка лабораторија во Одделение - Микробиолошка лабораторија, Сектор за Санитарна контрола (Лабораторија) – 1 (еден извршител)**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да користи македонски јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- за нивото Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен (фармација, биологија, прехрамбена технологија);
- за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката.

**Потребни работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 40.020,00 денари

Распоред на работно време
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

Рокот за пријава:
Рокот за пријавување по Јавниот огласот изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието која може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а истиот е објавен и на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk.

Потполнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје на адреса ул.Лазар Личеноски бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3073-010 лок 357 лице за контакт Горан Михајлов.

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:**

1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Уверение за општа здравствена способност (лекарско уверение)
3. Уверение или диплома за завршено образование стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен (фотокопија заверена на нотар)
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. Доказ за работно искуство.

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 - Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги